**ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
(ИБРД 9038МК)
ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ПРОЕКТ : P149990
**МК-MOF-003-2026-CS-CQS**

**ТЕХНИЧКА ПОМОШ: НАДЗОР НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ, ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА И НАДЗОР НА УПРАВУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ГАРАНТЕН ПЕРИОД ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА СКОПЈЕ СО МЕРКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ**

Владата на Република Северна Македонија обезбеди заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за имплементација на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Основни цели на овој проект се: (i) намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор; и (ii) поддршка за воспоставување и операционализација на одржлив механизам за финансирање на енергетска ефикасност во јавниот сектор. Овие цели треба да се постигнат преку инвестиции во објекти на општинската и централната власт и употреба на обновливи извори на енергија. Во согласност со условите од Договорот за заем, дел од средствата ќе се насочат кон обезбедување на техничка помош за Надзор на градежни работи, пуштање во употреба и надзор на управување за време на гарантен период за реконструкција на УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА СКОПЈЕ со мерки за зголемување на енергетската ефикасност.

Консултантските услуги вклучуваат Надзор на градежни работи, пуштање во употреба и надзор на управување за време на гарантен период за реконструкција на УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА СКОПЈЕ со мерки за зголемување на енергетската ефикасност. Подетални информации во однос на потребните квалификации може да се најдат на следниот линк: https://finance.gov.mk/mk-MK/klucni-segmenti/proekti/proekt-za-energetska-efikasnost-vo-javniot-sektor.

Министерството за финансии ги повикува квалификуваните консултантски фирми ("консултанти") да искажат интерес за обезбедување на услуги. Заинтересираните консултанти треба да доставaт информации со кои ќе докажат дека ги поседуваат потребните квалификации и релевантно искуство за извршување на услугите. Компанијата треба да ги поседува и исполнува следниве квалификации:

*Искуство и квалификации на консултантот:*

*1) Професионална способност на консултантот*

- Правното лице мора да поседува важечка лиценца А за надзор издадена од Министерството за транспорт на Република Северна Македонија / во случај на Заедничко вложување, најмалку еден од членовите во Заедничкото вложување мора да поседува важечка лиценца А за надзор издадена од Министерството за транспорт на Република Северна Македонија.

- Потребни стандарди:
  - ISO 9001: 2018
  - ISO 14001: 2015
  - ISO 45001:2015
- Најмалку 20 постојано вработени лица кои работат кај Консултантот, потврдени од официјална институција во Република Северна Македонија, од кои најмалку 6 инженери кои поседуваат важечко овластување А за надзор издадено од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Северна Македонија, при што за наведените инженери консултантите со нивниот израз на интерес мора да достават важечки овластувања А за надзор.

Работата треба да ја преземе консултантска компанија со консултантски тим составен од експерти со потребните вештини и квалификации наведени во Условите за работа (Terms of Reference).

Квалификациите и искуството на клучните експерти не се вклучени во критериумите за евалуација и правењето на потесниот избор. Клучните експерти нема да бидат оценувани во фазата на правењето на потесниот избор. Консултантот ќе треба да ја потврди достапноста со листа на клучни експерти и експертите кои не се клучни, согласно позициите и соодветните квалификации за секој од нив, како што е наведено во Условите за работа.

*2) Општо и специфично искуство на Консултантот*

*2.1 Општо искуство на Консултантот:*

Консултантот треба да ја докаже неговата способност и адекватност за надзор над градежните работи во последните 5 (пет) години од датумот на крајниот рок за поднесување на понуди со тоа што ќе достави референтна листа која ќе содржи опис на извршените услуги (вклучувајќи информации за вредноста на договорот, договорниот орган/клиент, локацијата/земјата на проектот, времетраењето, буџетот, процентот на извршена работа од страна на Консултантот во случај на заедничко вложување или подизведување и главните активности).

*2.2 Специфично искуство на Консултантот*

Консултантот треба да достави **посебна референтна листа за специфичното искуство** која ќе содржи опис на извршените услуги (вклучувајќи информации за вредноста на договорот, договорниот орган/клиент, локацијата/земјата на проектот, времетраењето, буџетот, процентот на извршена работа од страна на Консултантот во случај на заедничко вложување или подизведување и главните активности), заедно со потврди/сертификати за исполнување на договорите заверени од другата договорна страна од овие договори за најмалку 3 (три) слични договори за надзор на реконструкцијата/изградбата на објекти со мерки за енергетски ефикасност, при што најмалку 1 (еден) договор треба да биде со вредност од најмалку 40.000,00 евра, во последните 5 години.

***Напомена до Консултантите:*** За олеснување на процесот на евалуација, при подготовката на Изразот на интерес (EOI), Консултантите треба јасно да го наведат секој специфичен договор/проект, придружен со потврди/сертификати за исполнување на договорите заверени од другата договорна страна. Доколку од потврдата/сертификатот не е јасно наведено на кој договор се однесува, Консултантот треба на самата потврда/сертификатот да ги наведе бројот и називот на договорот.

*Забелешка: Консултантите може да се здружуваат со други фирми во форма на заедничко вложување или како под-консултанти за да ги подобрат своите квалификации. „Здружувањето“ може да биде во форма на заедничко вложување или под-консултантски услуги. Во случај на заедничко вложување (ЗВ), сите членови на ЗВ ќе бидат оценети заеднички при правењето на потесниот избор и ќе бидат заеднички и поединечно одговорни за задачите и ќе го потпишат договорот во случај на негово доделување на заедничкото вложување (ЗВ). Заинтересираните консултанти треба јасно да го наведат начинот на нивното „здружување“ и должностите на партнерите и под-консултантите во нивната апликација. Нејасното изразување на интерес како на пример „во соработка со“ и/или „во врска со“ и слично може да не бидат земени во предвид при правењето на потесниот избор. Имајќи го во предвид принципот за еден израз на интерес по фирма, консултантската фирма треба да одлучи дали сака да учествува како под-консултант или индивидуален консултант, или како партнер во заедничко вложување (ЗВ). Ве молиме имајте во предвид дека една фирма може да учествува само со еден израз на интерес за истата постапка за избор и тоа поединечно како консултант или како партнер во заедничко вложување. Ниту една фирма не може да биде под-консултант доколку истовремено поднесува израз на интерес поединечно како консултант или како партнер во заедничко вложување (ЗВ) во истата постапка за избор. Фирмата, доколку се јавува во својство на под-консултант кај било кој консултант или заедничко вложување (ЗВ), може да учествува кај повеќе од еден консултант, но само во својство на под-консултант.*

*Консултантската компанија може да се здружи со други консултантски компании во форма на заедничко вложување или како под-консултант со цел дополнување на нивните соодветни области на експертиза и за да ја зајакне техничката соодветност на нивната понуда.*

Дополнителни информации можат да се добијат на адресата којашто е наведена подолу во текот на работното време од 8:30-15:30 часот, од понеделник до петок.

Изразувањето на интерес треба да се достави во писмена форма и на електронски медиум (УСБ меморија/CD и сл.) на адресата којашто е наведена подолу (лично или по пошта) најдоцна до **29 Јули 2026 година 15:00 часот**.

Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор
Ул. Даме Груев, бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

До г-а Татјана Величковиќ, ПСЕЕП-ЕИП
Тел/факс: ++ 389 2 3255-484
tatjana.velichkovik@finance.gov.mk